ПОЧИТУВАН ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОВЕТОТ ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ , ПОЧИТУВАНИ ПРЕТСТАВНИЦИ НА МЕДИУМИТЕ ДАМИ И ГОСПОДА

Дозволете ми да како градоначалник на општина Крива Паланка Ви ги презентирам моите 100 дена од функционирањето како градоначалник на општината Крива Паланка. Ова е презентирање на сработеното досега од моја страна и мислам дека јавноста заслужува да биде запознаена со работата на градоначалникот. Ова нешто до сега во нашата општина не е направено, но сметам дека од сега ќе стане пракса.

На почетокот не може, а да не ја констатирам и да Ви ја презентирам состојбата во која ја затеков општината.

Имено како прво општината ја затеков со 35.000.000.00 денари долг по разни основи према најразлични комитенти и со бројка од 71 вработени од кои 14 се примени без никаква потреба токму во периодот за изборите. Сите ќе се сложите дека ова преставува тотално недомаќинско и несовесно и подмолно работење и со ова е нанесен тежок удар во нормалното функционирање на општината.

Во почетокот кога ја согледав првичната состојба пред мене имаше две алтернативи:

Прва да се впуштам во потрага на сите неправилности и злоупотреби кои се направени до сега и да ми помине времето изигрувајќи истражен орган, или да се впуштам во работа во проекти кои се во интерес на општината, а злоупотребите како ќе ги откриваме во текот на работењето да им ги доставуваме на овластените органи да се занимаваат со нив. Јас ја избрав втората варијанта и мислам дека не згрешив.

Она што јас го сработив во овие 100 дена можам да го поделам на неколку дела.

1. Како еден од главните приоритети ми беше подобрување на јавната чистота во градот и за таа цел наредив:

- Комплетно расчистување и уредување на градскиот парк, фонтаната во паркот како и на осветлувањето во паркот. Со еден збор кажано паркот го направивме место во кое секој граѓанин во нашата општина може да седне и да си одмори, односно родителите може да дојдат со своите деца и да си одморат во градскиот парк. Имено и сите вие сте сведоци на тоа колку е посетен градскиот парк сега во однос на минатиот период.

- Ѓубрето во нашиот град веќе не се собира наутро кога сите одат на работа туку навечер како и во сите други градови.

- Ја исчистивме и средивме најголемата дива депонија во нашата општина,а тоа е депонијата на влезот во Крива Паланка поточно пред Пашина Воденица.

- Во тек е целосно расчистување и на градот со 50 работници кои се платени од Владата на РМ, но дел учествуваме и ние како општина. Во контекс на ова почнавме со расчистување на дивите депонии, речните корита, доловите, пешачките патеки, на површините покрај патот и т.н. Со еден збор кажано почнавме комплетно расчистување на нашиот град, кое нешто барем јас не паметам до сега да се има случено.

2. Довршено е поплочување на улицата „Крушевска", поплочен е кракот на улицата од кај дуќанот ЛАВ до асфалтираната улица и во тек се активности околу уредување на пропустот према населба Лозаново односно на Куков Дол.

3. Во тек се поставувања на детски забавни паркови на 6 до 7 локации во нашата општина и тоа на следните локации: 1. Во градскиот парк; 2.Во паркот позади зградата на стар суд; 3.Во Осичка маала; 4 На локација кај метеролошка станица; 5.Во близина на кошот во населба Скрљава и на две резервни локации. Со ова нешто сметам дека ќе се допринесе на

разубавување на нашиот град, а воедно овие локации ќе бидат интересно место за забава на најмалата популација од нашата општина.

4. Изградбата на патот од с. Станци до Метов во должина од 2.5 км е во завршна фаза и во најскоро време ќе биде завршен.

5. Почнавме со изградба на водоводот Висока зона – лев брег за кое имаме добиено средства во висина од 2.000.000,00 ден од Министерство за транспорт.

6. На културен план

- извршив реформирање односно обнова на културно уметничкото друштво „Распеани Кривопаланчани" кои веќе на 15.07.2009 год. ја имаа и својата прва промоција во манастирот св.Јоаким Осоговски и сметам дека претставуваат гордост на сегој граѓанин на нашата општина.

- На моја иницијатива пристапивме кон збратимување на општина Крива Паланка со општина Банско од Р. Бугарија. Воедно направивме и посета на збратимената општина Дупница во Р. Бугарија и Вршац во Р. Србија.

- Во периодот од 13.07.2009 до 18.07.2009год. односно во периодот кога се присутни учесниците на летната школа на Архитектонски Факултет се одржува првото културно лето во манастирот св. Јоаким Осоговски на кој присуствуваат разни драмски и музички уметници .

- Во периодот од 15.09.2009 до 21.09.2009година ќе го одржиме првиот театарски фестивал во манастирот св. Јоаким Осоговски за кој се договорени скоро сите подробности.

- Во тек се и активностите околу детскиот фестивал „Распеано Симитче".

7. На моја иницијатива поднесено е барање да имињата на нашите сограѓани: Јане Јакимовски, Горан Горгиевски и Момир Горгиевски кои загинаа во воениот конфликт ги носат три улици во нашиот град, како и имињата на трагично загинатиот претседател Борис Трајковски и на св.Јоаким Осоговски да ги носат две улици во градот.

8. По моја иницијатива дозволив да сите спортски клубови од нашиот град своите тренинзи ги одржуваат во салите на училиштата и во салата на Партизан без да плаќаат надоместок за користење на салата. До тогаш тие плаќаа одреден надомест на школата односно на општината кое нешто беше терет за самите спортски клубови. На првиот состанок со претставниците на клубовите им ветив дека повеќе нема да плаќаат за користење на салите и тоа го исполнив. Моето размислување за оваа работа е дека Крива Паланка има доста талентирани деца во спортот кои треба да ги форсираме и да им помагаме, а не да ги попречуваме и да ги оптеретуваме со плаќање за користење на салите односно ако веќе не можеме којзнае колку да им помагаме тогаш и да не им одмагаме.Општината нема да осиромаши за овие средства, а ќе се гордее со талентираните спортисти од нашата општина.

9. Организирав и успешно реализиравме една нова досега никогаш не организирана спортска манифестација Ревијално –Џип-Рели под мотото: *Да ги запознаеме убавините на Осоговието*. На манифестацијата присуствуваа 35-40 џипа од нашата општина, а потоа се придружија уште неколку џипа од општина Кочани. Оваа манифестација планираме да ја направиме традиционална односно да се одржува секоја година, но и да ја прошириме со тоа што ќе ја направиме од меѓународни размери.

10.Со мое залагање како градоначалник на општина Крива Паланка иницирав и организирав средба на двете мешовити комисии од министерствата за надворешни работи на Република Македонија и Република Србија околу поставување на нулти точки за граничните премини Огут - Трговиште и Голема Црцорија - Голеш. Односно решавање на проблемот со овие гранични премини кој навистина е проблем на луѓето кои гравитираат во овој дел и кој проблем се провлекува веќе подолго време. Во овој дел работата е завршена комисиите излегоа на лице место ги одбележаа т.н. нулти точки на лице место, а потоа и овдека во Крива

Паланка направија записник и нанесување на овие точки на картите односно на катастерските планови.За оваа работа комисиите се состанаа пред неколку дена по втор пат и веќе се договорени првичните форми на функционирање на овие гранични премини. Односно за Ваше запознавање во почетокот ќе се оди со поставување на контејнер каде ќе бидат сместени пограничните служби, а договорено е да како почетна варијанта се оди со поминување на граничниот премин со еден вид на пропусници до конечно решавање на категоријата на граничниот премин.

11. Како градоначалник иницирав средба на сите архитекти и градежни инжинери кои се по потекло од Крива Паланка. На оваа средба беа присутни околу 50 поканети инжинери. Средбата беше организирана под мотото- Крива Паланка Ве повикува: *Одбележете го своето постоење во родниот крај*. Целта на оваа средба е да овие луге како стручни лица и како професија на луѓе кои ја креираат личната карта на секој град да направат или финансираат некој проект во нашата општина по кој тие ќе бидат запаметени. На оваа средба е избрано координативно тело кое ќе биде иницијатор на потребните проекти за општината од една страна како и филтер за тоа кој проект одговара, а кој не за изградба во нашата општина.

Координативното тело го имаше својот прв состанок на 11.07.09 на кој се договорени и некои првични насоки и предлози.

12. Она што мислам дека заслужува посебен акцент тоа е отварањето на дисперзираните студии по информатика на природно математичкиот факултет при универзитетот св.Кирил и Методи . За ова нешто работите се во тек, а за Ваше запознавање истиот ќе биде сместен во зградата на некогашната касарна на ЈНА во Крива Паланака. Конкурсот за запишување на првите студенти е распишан и со еден збор кажано значи Крива Паланка се вбројува во универзитетските градови.

13. Во контекс на образованието ќе истакнам и тоа дека на денешната седница на собранието на општина поднесов иницијатива за доделување на 8 стипендии од кои 4 за талентирани студенти и 4 за талентирани ученици од нашата општина. Оваа иницијатива се надевам дека ќе биде прифатена од страна на советниците бидејќи сметам дека сите се согласни дека треба да ги форсираме талентираните деца во нашата општина, а овие парични средства ќе овозможат на оние деца на кои нивните родители не се во состојба да го финансираат нивното школување да може да се школуваат. Ова нешто мислам дека е работа која заслужува посебно внимание бидејки на крајот на краиштата општината може да си дозволи да стипендира 8 деца годишно, а тие во иднина ќе знаат да се одолжат на својата општина.

Почитувани присутни ова е накратко дел од активностите кои јас како градоначалник ги сработив за изминатите 100 дена, за кои сметам дека Вие како советници, а и јавноста треба да биде запознаена, бидејќи основен принцип на работењето на општината, а и на градоначалникот е транспарентноста во работењето .

Ви благодарам на вниманието со кое го проследивте моето излагање.

ГРАГОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА

КРИВА ПАЛАНКА

Дипл. Правник АРСЕНЧО АЛЕКСОВСКИ